Ристо ПОПЛАЗАРОВ

# ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ПОГЛЕДИТЕ И ОЦЕНКИТЕ НА СОВРЕМЕНИЦИТЕ

Македонскиот народ со претходните револуционерни борби, со подготовките за востание и со Илинден и неговата Крушевска република, го потврди нагорниот развој на националноослободителното движење, кое пред сѐ значи борба за слобода и рамноправност на сите угнетени луѓе без разлика на народност и вера, за своја самостојност и национална држава. Соодветната содржина што му ја даде македонскиот народ на востанието е повеќестрана и многузначајна. За развојот, постигањата и значењето на Организацијата, за подготовките на востанието и неговиот тек, и општо за македонското националноослободително движење мошне позитивно се искажале неговите раководители и борци на тогашните и идните борби и други современици.

Борецот на Илинденското востание, идниот истакнат македонски деец и поет Арсени Јовков за создадената револуционерна ситуација, тесно пред востанието, го пишува следното: Македонската револуција и нејзиното востание беа доволно масовни и заеднички, самиот тој факт говори за една упорна и широка подготовка. „Еве зошто јас наоѓам поголем подвиг во таа подготовка отколку во самото востание. Таа подготовка беше поврзана со илјади пречки и прегради. . ."[1]) Во тие подготовки влегуваат бранувањата и борбите од претходните децении, кога се создавал и идеалот за самостојно ослободување. Оние, и особено тие подготовки што ги вршела за востание Организацијата, се санкционирале и се афирмирале со Илинденското востание. Откако се дознало дека ќе има востание во 1903 година, подготовките за него се засилиле. Во Битолскиот револуционерен округ „населението од сите реони знаеше за Смилевскиот конгрес и го очекуваше решението за востание зашто таква беше неговата интимна желба. Неговата економска по-

[1]) А. Йовков, Илинденско въстание в историята, — „Илинден", III, бр. 4, 28. 1. 1923, с. 1.

ложба, особено онаа на селаните, го туркаше кон една акција за која со нему својствената идеализација, никогаш не допушташе дека може да биде неуспешна. Ете зошто, со враќањето на конгресните делегати зовре една трескава дејност во сите реони. Секој ден градовите испраќаа кај четите нови интелектуални сили за засилување на горските кадри, секој ден реонските чети го поминуваа времето во трескава работа со оружје, кое и покрај толкугодишната работа беше далеку недостатно".[2]) Во времето на подготовките за востание населението се револуционизирало уште повеќе и речиси било незадржливо. Така на пр. на едно предвостаничко советување во селото Збажди, Струшко, била изнесена препораката од погорното раководство во реонот Малесија да не се дига масовно востание. „Но на советувањето луѓето не сакаа да чујат за делумни акции, и дури се разгледа планот за акции кон Дебар. И ова бунтовно расположение не беше случајно. Селаните од Малесија и Дебарца стенкаа под страшно економско угнетување. И тие селани го очекуваа востанието со трпетот на спасението."[3]) Сестраното османско угнетување и желбите за ослободување биле едни од главните причини што населението масовно се изјаснувало и учествувало во Илинденското востание.

Долгогодишните материјални и идеолошко-политички подготовки за востание, правени од Организацијата и водени под привлечните Делчеви и др. лозинки за самоослободување и нечекање слобода од друг, дале значајни резултати. Гоце Делчев и други раководители на Организацијата агитирале да се искорени лажната пропаганда дека рускиот цар, бугарскиот кнез, или некој друг тиранин, Бугарија или некоја друга држава ќе и' „донесат слобода" на Македонија. Делчев и други раководители агитирале да „се роди непобедливата сила, сила на самодовербата и решителноста . . . ," да се разбуди Македонецот од петвековниот сон, и тогаш „секој ќе се бори докрај со најголема лутина". Во согласност со тоа Делчев категорички велел: „Ослободувањето на Македонија се крие во внатрешно востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој и себе си, и другите ги лаже".[4]) Тоа внатрешно востание во лицето на Илинден дошло како многуочекувано и без огед на врховистичките заткулисни и други интриги, прераснало во општонародно востание со многу позитивни квалификативи. Една од нив била неговата масовност.

Според австро-унгарскиот дипломат Август Крал во Битола, кој одблиску ги следел и коментирал настаните, воста-

---

[2]) А. Йовков, Предвечерието на Илинден 1903 год. — Илинден, София, 31. VII. 1922, с. 1

[3]) А. Йовков, Първите дни на Илинденското въстание. (Спомени), — „Илинден", София, 1924, бр. 1, с. 2

[4]) Писмата на Г. Делчев. Ги собрал . . . Љ. Лапе, Скопје 1951, 10—11.

нието во Битолскиот вилает" ... речиси е општо, го опфаќа скоро целиот словенски дел од вилаетот ... Тоа е излив на незадоволство на цел еден народ ... Тоа е повик за помош на едно длабоко угнетено население, кое се бори за слобода и средени прилики".[5]) Чешкиот радикален весник „Самостојност" го опишува Илинденското востание како „чисто македонско". Тоа се карактеризирало „со својата решителност, воена организираност, со учеството на сите класи, на сиот народ ..." Востанале „не само мажите, туку и жените ... — истакнува истиот весник. — Тие се борат покрај мажите како бурските жени во јужноафриканската војна" против колонијалистите.[6]) Друг чешки весник, многутиражните „народни листи" во насловот на еден уводник констатира дека „востанието на македонските Словени прераснува во бура".[7])

Динамиката и темпото на ширењето на Илинденското востание, неговите успеси уште од почетокот биле толку големи и значајни што некои високи европски дипломати (како на пр., германскиот амбасадор Маршал) изјавиле пред султанот и пред своите министерства за надворешни работи, дека востанието претставува револуција. „Долгото траење на македонската револуција ја крие вистинската опасност за Турција". „Ако со енергични акции се уништи востанието за четири недели, тогаш ..." е обезбеден успехот за султанот. „Но, ако не се дејствува, тогаш ќе се зголемат поплаките на европските конзули (б.м.) за држењето на турската војска, воената состојба сè повеќе ќе се влошува, а на крајот Европа ќе добие уверување дека турската влада не е во состојба да воспостави мир во Румелија. Тогаш интегритетот на Турција ќе се доведе директно во прашање".[8]) Овие согледувања и констатации на еден германски висок дипломат, противник на востанието, претставуваат признание за значајните постигања на Илинденското востание и неговите важни демензии и за слабоста и теророт на османската држава.

За значењето и големината на востанието се појавиле срамнувачки коментари. Прашкиот дневник „Народни политика", констатирал дека од источната криза во 1875—1878 година на Балканот „никогаш досега пламенот на востанието не пламтел толку силно како сега ..." во Македонија и дека тогаш условите за востание „биле многу поповолни отколку денес". И обратно, „Турција немала досега, ни во едно востание на поробените народи, таква поволна позиција ...", каква што ја има

---

[5]) Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија, под редак. на Д. Зографски, Скопје, 1955, 86.

[6]) А ИНИ, мф. 163, Samostatnost (Самостатност) 21. 7. 1904, с. 340.

[7]) Nàrodni listy (Народни листи), č. 224 од 1903.

[8]) Die Grosse Politik. Bond 18, Berlin 1924, 341—343. Според: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје, 1981, том I, с. 414.

сега, кога големите сили се за статус кво (status quo) итн. „Во една таква положба македонските востаници водат зачудувачки воодушевувачка борба, која денеска изгледа безнадежна“, зашто никој искрено не ги помага, а Европа ги оставила во рацете на тираните. „Народни политика“ барала да интервенираат големите сили за да се задоволат барањата на востаниците.[9]) Но големите сили во текот на востанието дејствувале во спротивна смисла.

За востаничките борби, жртви и општо за Илинденското востание, со симпатии пишувал и војводинскиот печат. Во печатот „се истакнувало дека востаниците покажале храбро држење и дека подобро се држеле и подолго се бореле отколку грчката војска во грчко-турската војна“ (1897). Во една дописка од 7 август 1903 година, на пр., стои „дека од десетина дена наваму целиот Битолски вилает, и посебно Костурската каза биле поле на крвави судири . . . Се' што било кадарно да носи оружје стапило во востаничките чети. Борбите траеле непрекинато. На бројни места востаниците извојувале победи и ослободиле доста села . . .“[10]) „Револуционерната ослободителна борба на македонскиот народ за создавање автономна Македонија барала огромни жртви“.[11])

Британската работничка класа, инспирирана од ослободителните борби на македонскиот народ и пред се' од целите на Илинденското востание, организирала бројни промакедонски собири на кои била изгласана 61 резолуција. Во резолуциите се протестирало против ѕверствата во Македонија и се барало ослободување на Македонија од османскиот господаречки систем. Во осум резолуции се барало да се назначи гувернер и тоа независен од Османската империја“.[12])

Во бројните изрази на солидарност на англиската работничка класа со ослободителните цели на Илинденското востание имало и истакнати луѓе кои ги откривале причините за недавањето слобода на Македонија. Во статијата „Писок од Македонија" на авторот Гаврош, печатена во англискиот социјалистички весник „Labaur Leader" (Лабур Ледер), се вели дека „само во случај, ако финансиерите ја повлечат својата поддршка на Османската империја, Македонија ќе биде слободна. Наспроти тоа, тие се насекаде, тоа е капитализам“.[13])

Странскиот печат пишувал и за целите на востанието. Така францускиот весник „Le Temps" (Л Темп) (на 30 јули 1903 го-

---

9) А ИНИ, Мф. бр. 163, Nàrodní politika (Народни политика), № 222, 15. 7. 1903.

10) Глигор Попи, Одгласот на Илинденското востание во Војводина, посебно во Банат, — Прилози за Илинден 1979, III, Скопје, 1983, 691.

11) Истото.

12) Хр. Андонов-Полјански, Илинденското востание и британската работничка класа, — Прилози за Илинден 1979, III, Скопје, 1983, 81.

13) Истото, 77.

дина) ја пренесува информацијата на „Петроградската газета", дека „македонските востаници одлучиле или да умрат или да извојуваат слобода, дека, тие ќе направат краен напор да ја ослободат Македонија од турското ропство и дека ќе истраат во таа борба ..." Некои од востаничките водачи на Битолскиот револуционерен округ изјавиле „дека македонските востаници ќе ја остварат програмата „Македонија на Македонците"[14]). Словеначкиот весник „Словенски народ", категорички пишувал дека автономијата мора да им се признае на Македонците. Затоа и до денеска востанието во Македонија има такво значење. Се работи за тоа, македонските христијани да добијат таква судбина што ќе биде достојна на човека. До денеска таму владеат страшни социјални прилики".[15])

Илинденското востание, и општо Организацијата пред и по него, постигна значајни успеси со придобивањето на доста голем број Власи, извесен број Албанци, Грци и други. Тоа се должело и на спроведувањето на уставните начела на Организацијата за сплотување во борбата на сите незадоволни елементи, без разлика на народност и вера за извојување преку револуција полна политичка автономија на Македонија за слободен и рамноправен живот.[16])

За учеството на Власите во движењето и во Илинденското востание се познати повеќе работи. Речиси е непознато дека извесен број грчко население од јужно-пограничните и од други околии ги помагале македонските револуционери во снабдувањето со оружје, во нивните илегални патувања и во други акции. Што е поважно, тие Грци биле убедени од македонските револуционери дека Организацијата се бори и за нивното ослободување. За ова со вчудоневиденост дознал од споменатото грчко население првиот организатор на големогрчката оружена пропаганда Павлос Мелас. Тој морал да признае дека тоа грчко население не настрадало од македонското националноослободително движење и од Илинденското востание.[17])

За учеството на народностите, односно на Власите и на извесен број Албанци во Илинденското востание грчкиот конзул во Битола во еден свој извештај, со вчудоневиденост констатира дека „востанатите маси се убедени дека се борат за својата слобода, а тоа нивно револуционерно убедување никој не може да им го одврати. И влахогласните и албаногласните — пишува тој — позитивно се однесуваат спрема движењето ..., поради

---

14) Н. Сотировски, Француската весник „Le Temps" за Илинденското востание, — „Илинден 1903", Скопје, 1970, 289.

15) „Slovenski narod", 2. 7. 1903, № 149, str. 2; Документи ..., т. I, с. 428.

16) Хр. Андонов-Полјански, „Гоце Делчев", кн. IV, Скопје, 1972, 9—11; Документи ..., I, с. 331—333.

17) „Pavlos Melas". Viografia, Aleksandria, 1926, s. 30, 409.

7*

тоа што го сметаат за ослободително".[18]) Тоа се манифестирало особено во Крушево и во други места во Македонија, пред се' во нејзините југозападни и јужни области.

Агитацијата на македонските револуционери за слобода и еднаквост како и нивната праведна борба во текот на Илинденското востание, образложена и со Крушевскиот манифест, имала извесен позитивен одглас и кај одреден број Турци, на пр. во село Алданци, Крушевско. Началникот на турскиот гарнизон во градот Крушево во едно писмо до востаниците пишува: „. . . Од вашите акции разбрав дека залудно сме ве сметале за разбојници. Целта ви е голема, а борбата смислена. Напред по тој страшен и славен пат по кој сите народи се добрале до слобода".[19])

По упорно залагање и работење, првенствено на револуционерно-демократските сили, во македонското националноослободително движење и во Илинденското востание масовно учествувале Македонците — патријаршисти, без оглед на тоа што грчката цариградска Патријаршија ги одвраќала од тоа. Антиреволуционерните дејствија на Патријаршијата, Егзархијата и на другите органи на верските и политичките пропаганди, без оглед на сопирањето, не биле во состојба да го оневозможат масовното учество на македонскиот народ во национално ослободителното движење и во Илинденското востание.[20])

Внатрешната македонска револуционерна организација и општо македонското националноослободително движење со својот корифеј — Илинден, со својата Република, по настојување на револуционерно-демократските сили, се наложиле кај македонската и европската јавност како фактор кој непосредно или посредно укажувал и докажувал дека Македонија е земја со свои интереси и дека таа треба да добие слобода и посебно државно уредување. Тие интенции се засилиле во текот на Илинденското востание, кога со изјави и со дела се манифестирале стремежите на македонскиот народ за слобода, за подобар социјален и општествено-политички поредок, за автономија на Македонија.[21]) За овие и за други прашања пишувале позитивно повеќе странски набљудувачи и раководители на движењето и востанието.

Тома Николов, еден од раководителите на востанието во Крушевска околија, во едно интервју за англискиот весник „Дејли Њус", објавено на 12.8.1903 година, изјавил дека идеа-

---

[18]) N. Vlahu, To Makedonikon os fasis tu Anatoliku Ziti matos, 1978—1908, Atine, 1935, 265.

[19]) Љ. Лапе, Одбрани текстови . . ., II, (1978), с. 490.

[20]) Поопширно за ова прашање пишува М. Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903), Скопје, 1974.

[21]) Документи, I, стр. 431, 432, 433, 438, 439, 440; Дане Шијан, Моћ Титове рјечи, Загреб, 1977, 20; М. Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје, 1978, 481—482.

лот на востаниците е Македонија на Македонците. „Така гледате дека ние веќе направивме извесен почеток со привремената влада на Македонија. Нашиот идеал е Македонија за Македонците и за него ние ќе се бориме. Јас се надевам дека Вие ќе и' го кажете ова на Вашата англиска јавност. Востанието е македонско; вистинските ефикасни боречки чети се македонски. Четите не доаѓаат од Бугарија. Тие доаѓаат од македонскиот народ".[22]) Такви и слични податоци, црпени од востаничките места, објавиле повеќе странски весници. „Глас Црногораца", на пр., пишува за улогата на Внатрешната македонска организација во организирањето на востанието како народно, во создавањето на „Привремената востаничка влада" итн.[23]) Италијанскиот социјалистички весник „Аванти" констатира дека „Македонската организација истапува денеска на историската сцена со своето највисоко сведоштво ..." — со востанието. Таа, вели „Аванти", претставува „држава во отоманската држава". Таа се бори за автономија на Македонија.[24])

Илинденското востание, благодарение на содржината што му ја дале борбените маси, дало и такви резултати коишто станале значајни обележја во националното битие на македонскиот народ. „За секој Македонец, пишува Д.Х. Димов, Илинденското востание претставува дел од неговиот сопствен живот — толку е тоа поврзано со неговото памтење и со неговата душа. По востанието во тешките години на угнетувања и прогонства, според бројни сведоштва на најстарите и постарите луѓе, и Организацијата и востанието претставувале гордост и инспирација за помладите генерации. Тоа пред сè „се должи на самиот настан, на неговиот чисто народен карактер, на фактот дека тоа беше еден величенствен израз на сенародниот македонски стремеж за борба и слобода".[25])

Значењето на Илинденското востание и општо на македонското националноослободителното движење е големо и многустрано. „Да, од Илинден 1903 година Македонија излегуваше од сферата на темната ера на едно вековно ропство, и макар што сонцето на слободата изгреа летимично на измачената земја, неговите зраци, кои поминаа над Крушево, Смилево, Невеска Клисура, над Пелистер, Нице, Вич, Богла и Стогово, останаа во душите на едно население за да ги чува како своја најсветла добивка. Ете зошто Илинден ако не можеше да биде творецот на македонската слобода, тој беше творец на душите и доблеста без кои никоја слобода нема цена.[26])

Врз база на гореизнесеното и на други сведоштва може да се рече дека изнесените принципи, цели и задачи, произлегле

---

22) Документи, т. I. с. 430—431.
23) Истото, 432—433.
24) Истото, 439—440.
25) Д. Хаџи Димов, Македонското прашање, Скопје, 1974, 129.
26) А. Йовков. Илинден 1903, — в. Илинден, III, бр. 20, 5. 8. 1923, с. 2.

од дотогашниот и тогашниот развој на македонското националноослободително движење. И тоа сведочи за тоа дека „низ револуционерното движење, и особено низ борбите за извојување на македонска држава, се изразуваше и натаму се затврдуваше свеста за национална самобитност и економска целост на Македонија; во масите се афирмираше македонското национално име; јакнеше националната свест. Револуционерното движење и Илинден беа најсилните датализатори на оваа свест; масовна школа каде што нашите луѓе ги усвојуваа поимите татковина, народ, македонска автономна држава, слобода итн.“[27])

Македонскиот народ со Илинденското востание и неговата Крушевска република го потврди нагорниот развој на националноослободителното движење. Востанатите маси, предводени од револуционерно-демократските сили му дале на востанието прогресивна и национална содржина. Во таа содржина се изразиле резултатите од борбата на револуционерно-демократските сили за спроведувањето на националноослободителните цели, т.е. зачувувањето на независноста на движењето и ТМРО, изградувањето на револуционерната власт, извојувањето на сопствена државност. Македонското ослободително дело со својот корифеј — Илинден, според Ѓорче Петров, „постигнало крупен успех со историско значење". Имено, со него „Македонија на свој начин и по силата на својот сопствен живот, се оспособи самата себе си во одделна морална единица, со своја специфична идеологија и со свој политички лозунг — обласна самоуправа, која се мачеше да ја реализира со сопствени сили и средства".[28]) Со својата ослободителна борба прецизира Мисирков, „Македонците станаа главниот фактор во решавањето на македонското прашање, како во своите очи, така и во очите на Европа. По востанието на нас гледаат како на фактор".[29])

Илинденското востание создаде величини со големо значење за своето време и за идните времиња. Според Арсен Јовков тоа претставува историски пиедестал за изградување на идната македонска слобода.[30]) Македонскиот народ, односно Македонија, пишува (во 1924) Димо Хаџи Димов, имаше прв Илинден, а „ќе го има и својот втор Илинден, но веќе во идната нова сигурна епоха на блиски победи и ослободување".[31]) Таа нова епоха е епохата на НОБ и Револуцијата на југословенските народи предводени од Партијата на чело со Јосип Броз Тито. Во неа македонскиот народ го оствари својот втор, победнички и националноослободителен Илинден.

---

27) М. Пандевски, Илинденското востание..., 481—482.

28) Ѓ. Петров, Македонското ослободително дело, Скопје, 1971, 163.

29) К. П. Мисирков, За македонските работи (фотот. изд.), Скопје, 1953, 75.

30) Според М. Пандевски, Илинденското востание..., 483.

31) Д. Хаџи Димов, Македонското прашање, Скопје, 1974, 203.

Risto Poplazarov

# THE ILINDEN UPRISING IN THE VIEWS AND ESTIMATION OF THE CONTEMPORARIES


## Summary

The author in this article made an attmept to depict the Ilinden uprising in the views of the contemporaries whose mutual conclusion is that the uprising represents an act of the Macedonian people for their own liberation and establishment of their own state.

A lot of Macedonian and foreign social and cultural workers have followed the Ilinden events giving comments, articles, contributions and studies in the papers and periodicals. Such as the Macedonian revolutioneries: Arseni Jovkov, Dimo Hadži Dimov, Toma Nikolov and others, then, the Austro-Hungarian consul in Bitola August Kral, the Greek consul in Bitola etc.

Further on the text the author has given the reflection and echo of the uprising in more European countries, such as in the Czechoslovakian press, in the press of Voyvodina, in France, the participation of Vlachs in the uprising etc. The British working class inspired by the liberation struggles of the Ilinden rebels organized numerous meetings on behalf of the Macedonian people and their long sentury will for liberation.

At the end he gives a conclusion about the significance of the uprising, the aims of the rebels and the results of it realised during our second Ilinden, i.e. our people's liberation war led by the Communist League of Yugoslavia nad Yosip Broz Tito.